Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 25, 14 август 2009 година

август 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-уметничкото подрачје ликовна уметност на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-уметничкото подрачје флејта на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕЦЕНЗИЈА** за ракописот за учебникот „Генеза на рудни наоѓалишта“ од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-УМЕТНИЧКО ПОДРАЧЈЕ ФЛЕЈТА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-47/4 Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 28.4.2009 година, , формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во **насловно звање** за наставно-уметничката област ***флејта*** на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Дневник“ на 2.5.2009 година, за насловното звањето доцент се пријави м-р Златка Митева, соработник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на поднесената документација, Комисијата има чест на Наставно-научниот совет на Факултет за музичка уметност да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Златка Митева** е родена на 14 јули 1980 година. По завршувањето на средното музичко образование во Штип, во учебната 1999/2000 година се запишува на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“, Инструментален факултет – Оддел флејта, во Софија, Р. Бугарија, во класата на проф. Лидија Ошавкова, каде што дипломира во 2003 година. Со цел да го продлабочи и усоврши своето знаење, кандидатката м-р Златка Митева во учебната 2003/2004 година продолжува со своето образование на постдипломски студии, исто така на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“, каде што и магистрира во 2005 година. Од 2006 година работи како наставник по флејта во Основното музичко училиште „Р. Јурков“ во Кочани, а од октомври 2006 години до денеска работи како хонорарен стручен соработник по предметот Флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Научна и стручна дејност***

Кандидатката **м-р Златка Митева** во текот на своето образование и од вработувањето како наставник по флејта во Основното музичко училиште „Р. Јурков“ во Кочани и ангажирањето како хонорарен стручен соработник по предметот Флејта на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ до пријавувањето на Конкурсот за избор во звање доцент покажува одредени активности.

***Учество во научноистражувачки проекти***

**М-р Златка Митева** учествува во реализацијата на многубројни концерти, како и на следниве државни и меѓународни натпревари:

- Државен натпревар по флејта, Скопје, Р. Македонија, 1993-1997 година (добитник на 1 и 2 награда);
- Државен натпревар по камерна музика, Скопје, Р. Македонија (добитник на 2 и 3 награда);
- Меѓународен натпревар по флејта, Софија, Р. Бугарија, 2000 година (добитник на 2 награда);
- Меѓународен натпревар по камерна музика, Софија, Р. Бугарија, 2002 година (добитник на специјална награда);
- Концерт со Македонска филхармонија, по повод лауреат од државниот натпревар по флејта;
- Концерти на Скопско културно лето и Штипско културно лето;
- Концерт со Академскиот оркестар на Софија и Класик ФМ;
- Концерт на музичкиот фестивал „Аполонија“ и Европскиот музички фестивал во Софија, Р. Бугарија;
- Концерт на фестивалот Мајски денови во Русе, Р. Бугарија;

**Објавени научни и стручни трудови**

Во периодот од започнувањето на нејзините студии па до денес, м-р Златка Митева учествува на следниве семинари, како и мајсторски класови кај еминентите солисти и светски музички педагози, како: Андраш Адоријан, Патрик Гала, Ашли Соломон, Жерард Бургоњ, Давид Волтер.

***Квантификација на научно-стручна активност***

Согласно со член 6, алинеја 3 и член 9 од критериумите за избор во наставно-научни звања, врз основа на научноистражувачката (НИ) активност, кандидатката остварува поени врз основа на:

| | *Наставно-образовна дејност* | поени |
|---|---|---|
| - | Интерна скрипта од предавањата | 4 |
| - | Интерна скрипта од вежби | 2 |
| - | Раководител на студент при учество на студентска манифестација | 3 |
| - | Член на комисија на ученички натпревар | 1 |
| - | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра на изборниот период) | 28 |
| | **Вкупно поени од наставно-образовна дејност** | **38** |

| | *Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности* | поени |
|---|---|---|
| - | Одбранет магистерски труд | 4 |
| - | Музички настапи на официјални концерти | 18 |
| - | Концерти во земјава и во странство | 47 |
| - | Трудови со оригинални уметнички резултати | 10 |
| - | Награди и признанија | 45 |
| - | Студиски престој во странство | 8 |
| | **Вкупно поени од научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **132** |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ** | **170** |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензенската комисијата смета дека кандидатката **м-р Златка Митева** ги исполнува сите услови да биде избрана во звање **насловен доцент** за наставно-уметничката област **флејта** и му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го разгледа рефератот за избор во звање и да биде избрана во тоа звање.

**Рецензентска комисија**

**Проф. Лидија Ошавкова, с.р.**

**Проф. Марина Новак, с.р.**

**Доц. м-р Владимир Лазаревски, с.р.**